# МЕДИУМИ НА ЗАЕДНИЦАТА: КОНЦЕПТИ, РАЗВОЈ И ИСКУСТВА

Компаративна студија

RESIS
ИНСТИТУТ ЗА ИСТРАЖУВАЊЕ НА ОПШТЕСТВЕНИОТ РАЗВОЈ

## За компаративната студија

Студијата произлезе од потребата да се изгради автентичен и одржлив модел на онлајн медиум на заедницата во РСМ што ќе ги задоволува комуникациските потреби на сите групи граѓани на локално ниво.

Компаративната студија ги претставува различните теоретски пристапи, стандардите на Советот на Европа за овој вид медиуми, како и искуствата од други земји во создавањето непрофитни медиуми што им служат на локални групи и заедници.

## Главни наоди

Медиумите на заедницата се феномен – самоник, произлезен директно од потребата на различни групи во општеството да најдат начин како да го задоволат оној дел од своите медиумски потреби што не го наоѓаат во главните (мејнстрим) медиуми.

### Четири пристапи за медиумите на заедницата

(1) медиуми во служба на заедницата,
(2) медиуми на заедницата како алтернативи на главните медиуми,
(3) медиуми на заедницата поврзани со граѓанското општество и
(4) ризом или медиуми каде се вкрстуваат и соработуваат луѓе од различни движења и со различни идеи и мислења

*При развивањето на политиките за медиумите на заедницата сите четири пристапи треба да се применуваат истовремено*.

### Советот на Европа за медиумите на заедницата

- Медиумите на заедницата се по својата природа блиски до својата публика, така што тие можат да ги исполнат оние нејзини потреби што комерцијалните медиуми и јавниот сервис не можат целосно и соодветно да ги исполнат.
- Земјите - членки треба да го охрабрат и поддржат формирањето и функционирањето на малцински, регионални, локални и непрофитни медиуми на заедниците, вклучувајќи и обезбедување финансиски механизми со цел да се поттикне нивниот развој.

### Хиперлокални медиуми на заедницата - примери

- *Метеор*, Манчестер: простор за „гласовите, темите и идеите кои се маргинализирани, недоволно застапени или игнорирани од главните медиуми".
- *Фицровија њуз*, Лондон: хиперлокален медиум чија цел е „да обезбедува квалитетни локални информации за заедницата на која ѝ е посветен".
- *Ексетер обзервер*, Ексетер: медум кој го истражува влијанието на поединците и институциите и ги информира граѓаните на Ексетер за тоа „што се прави во нивно име и од кого, со имотот на заедницата и данокот што го плаќаат."

## Заклучоци и насоки за политики

- **Медиумите на заедницата како трет сектор**

  Медиумите на заедницата имаат важна улога во обезбедувањето медиумски плурализам во дигиталното опкружување, зашто произлегуваат директно од комуникациските потреби на малите заедници кои ги поврзува географската близина или заедничкиот интерес. Затоа, нивното признавање во медиумската легислатива е од исклучително значење.

- **Медиумите на заедницата во легислативата на РСМ**

  Медиумите на заедницата, како дел од непрофитниот медиумски сектор, се препознаени уште во Законот за радиодифузна дејност од 2005 година. Во актуелните закони не е регулирано постоењето на непрофитните медиуми во онлајн просторот, но значајниот број интернет базирани медиуми и улогата што тие ја имаат во информирањето на јавноста покажува дека е потребно да се разгледа можноста за нивно вклучување во легислативата.

- **Мерки за поддршка на медиумите на заедницата**

  За да го овозможат постоењето на овие медиуми, државите треба да воведат мерки на поддршка и извори на финансирање. Притоа, ќе обезбедат дека непрофитните медиуми нема да им бидат конкуренција на локалните комерцијални медиуми, а критериумите за достапност до овие мерки ќе бидат јасни и транспарентни и нема да претставуваат (отворен или прикриен) начин тие да се направат зависни од политиката.

- **Модел на онлајн медиуми на заедницата во РСМ**

  При концепирањето автентичен модел на онлајн медиум на заедницата во РСМ треба да се комбинираат сите четири концептуални приоди. Притоа, важно е да се обезбеди во создавањето на содржините да партиципираат граѓаните за кои медиумот е наменет, да биде независен од политиката и од комерцијалните интереси и да се придржува до професионалните стандарди.

## Извори:


Совет на Европа, Декларација на Комитетот на министри за Улогата на ,едиумите на заедницата во промовирањето на социјалната кохезија и интеркултурен дијалог, (Стразбур, 2009), стр.2, пристапено на 11 октомври 2022, линк

Совет на Европа, Препорака CM/Rec(2018)1 од Комитетот на министри до земјите членки за плурализам во медиумите и транспарентност на медиумската сопственост, (Стразбур, 2018), стр. 2, пристапено на 9 октомври 2022, линк

Европски парламент, Состојба на медиумите на заедницата во Европската унија, Студија, (Брисел, 2007), стр. v, пристапено на 18 септември 2022, линк

Европски парламент, Резолуција од 25 септември 2008 за медиумите на заедницата во Европа (2008/2011(INI)), Брисел: 2008. стр.3 точка 3, пристапено на 11 септември 2022, линк

UNESCO, Community Media Sustainability Policy Series, 5. Providing Public Funding for Community Broadcasting, (Almaty, 2017), стр.3, пристапено на 23 октомври 2022, линк



## Авторка

**М-р Емилија Петреска Камењарова**



*Студијата е изработена во рамки на проектот „Поттикнување на граѓанскиот ангажман во локалното владеење“, поддржан од Националната фондација за демократија, САД*


## Целата студија е достапна на:

www.resis.mk


За повеќе информации, контактирајте не на: office@resis.mk



**© Февруари, 2023, Институт за истражување на општествениот развој РЕСИС**